РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 16-09-2024
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 1071/1 | | |


( Образец ПП……)

**До: Општина Битола _ Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.**___________________________________________
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1.Дали вопрограмата JGO Системи за водоснабдување е планирано за 2024 год реконструкција и обновување на водоводната инсталација во с. Логоварди стари цевки потребно е замена за да имаме квалитетна и здрава водаза пиење

2.Дали во програмата JIO Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води е планирано за 2024 год изградба на канализациона мрежа. С. Логоварди се нагога на неколку километри од градот и нема фекална канализација

3. Во програмата VAO Капитални расходи за детски градинки се планира да се отвори престој за деца и детска градинка во с. Логоварди. Има деца во селото на кои родителите имаат потреба да ги остават и да бидат збринети додека се тие на работа или имаат некои други обврски.

4. Дали приградскиот превоз од с. Логоварди – Битола и обратно се планира да се регулира и да биде редовен и за учениците и граганите. Минатата школска година имаше проблеми со превозот на учениците, а исто така и ние возрасните сакаме да имаме редовен гдрадски превоз со градот и околните населби.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
  - ✓ **- г) електронски запис**
  - ✓ - д) друго **одговор за превозот**_______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон

- в) факс
    - ✓ **- г) е-маил**
- д) друго ___________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** [redacted]______**2024**_ **година** **.**

________________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-107/2
16.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-107/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
16.09.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за економски развој

Бр.11-107/3
16.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-107/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_______________________

Примил:
16.09.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

**Бр. 40 – 159/2**
**16.09.2024**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 17-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 107/4 | | |

980

**До**

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕДМЕТ:** Писмена информација – одговор

Почитувани,

Во врска со барањето бр. 11-107/3 од 16.09.2024г за пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме дека според програмата ЈЛО Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води **НЕ Е планирано** за 2024г изградба на канализациона мрежа во с.Логоварди, но во програмата на одделението за Економски развој планирани се средства за проектирање на дел од речно корито кое поминува низ селото и за истото веќе се изработува проектна документација.

Со почит,

Изработил:
Ангела Србиноска, дги

Раководител на
Одделение за Економски развој
Венцо Шишкин, дги

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 23.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 107/5 | | |

**Бр.32-сл од 20.09.2024г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр.11-107/2 од 16.09.2024г. за пристап до информации од јавен карактер, со кое подносителот [redacted] а [redacted] бара да и биде доставена информација за повеќе барања,

Ве известуваме дека по однос на **првото и второто барање,** Одделение за комунални дејности согласно Програма за уредување на градежно земјиште за оваа тековна година нема предвидена реализација, но според сознанија дека Одделение за економски развој подготвува проектна документација која ја опфаќа оваа проблематика, можете да се обратите за подетални информации до наведеното одделение.

**За точка 3 (три)** од барањето обратете се во образование како надлежни за наведената содржина.

**Точка 4 (четири)** од барањето- има избран превозник АД “Транскоп” –Битола кој сообраќа на бараната релација и согласно одобрениот и утврден возен ред врши редовен превоз и на ученици и на возрасни лица. Бидејќи прашањето се однесува и за општинскиот линиски превоз за минатата школска година, точно е дека во неколку наврати имаше доцнење на автобусот поради густ и динамичен сообраќај на трасата Битола-село Логоварди. Доцнењето не предизвика проблеми во образовниот процес кај учениците од с. Логоварди.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-107/6
24.09.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **16.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-107** од **16.09.2024 година**, каде бара информација за водоводна инсталација, изградба на канализациона мрежа, изградба на детска градинка, и превоз до с.Логоварди.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-107 на ден 16.09.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за водоводна инсталација, изградба на канализациона мрежа, изградба на детска градинка, и превоз до с.Логоварди.Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-107/1 од 16.09.2024.
2.Допис до Одделение за комунални дејности со бр. 11-107/2 од 16.09.2024.
3.Допис до Одделение за економски развој со бр. 11-107/3 од 16.09.2024.
4.Одговор од Одделение за економски развој со бр. 11-107/4 од 17.09.2024
5. Одговор од Одделение за комунални дејности со бр. 11-107/5 од 23.09.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 24.09.2024 година, под бр. 11-107/6.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА